РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТУРСКИ ТЕАТАР
Бр. 04-220/2
13.09. 2019 год.
СКОПЈЕ

Национална Установа ТУРСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ
Milli Kurum TÜRK TİYATROSU - ÜSKÜP
National Institution TURKISH THEATRE - SKOPJE

Врз основа на член 76-б став 1 алинеја 6, член 76-д став 1 алинеја 3, член 76-ж став 6 точка 2, член 77-г од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 4414, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18), член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 16/10, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/15, 27/16 и 120/18), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.34/15), Согласност од Министерство за финансии бр.18-5162/2 од 25.06.2019 година и бр.18-5162/5 од 12.07.2019 г.и Одлуката за објавување оглас со бр.04-220/1 од 12.09.2019 г., Национална установа Турски театар Скопје распишува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за вработување**

**I.** Национална Установа Турски театар Скопје има потреба од вработување на тринаесет (13) лица и тоа за следните работни места:

1. 1(еден) извршител на неопределено време за работното место **Шминкер**, шифра КУЛ 0405 Б01 006
   Посебни услови: Средно стручно образование или поседување на сертификат за завршен курс, обука за шминкер.
   Согласно Годишниот план за вработување за 2019 г. на НУ Турски театар Скопје за работното место шминкер предвидено е да се вработи 1(едно) лице Албанец/ка.
2. 1(еден) извршител на неопределено време за работното место **Кројач**, шифра КУЛ 0405 Б01 002
   Посебни услови: Средно стручно образование или поседување на сертификат за завршен курс, обука за кројач.
   Согласно Годишниот план за вработување за 2019г. на НУ Турски театар Скопје за работното место кројач предвидено е да се вработи 1(едно) лице Македонец/ка.
3. 1(еден) извршител на неопределено време за работното место **Суфлер**, шифра КУЛ 03 04 Г03 010
   Посебни услови: Високо/Средно стручно образование гимназија, економско правна и трговска струка, највисок степен на познавање на турскиот јазик.
4. 10 (десет) извршители на определено време од 5 години за работното место **Актер-четврта група**, шифра КУЛ 03 04 А06 001
   Посебни услови: 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен, најмалку една година работно искуство во струката, највисок степен на познавање на турскиот јазик

**II.** Кандидатот за работното место треба да ги исполнува општите услови:
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**III.** За работното место под бр.4 уметничките способности на кандидатите ќе се проверуваат преку посебна Програма за проверка на компетенции (аудиција).

ul Nikola Martinovski 41, 1 000 Skopje, Makedonija >https://m.facebook.com/uskupturktiyatrosu
e-mail turskiteatar@t.mk/http://turskiteatar.mk>Tel/fax:389 02 32 96 581

**IV.** Распоред на работното време: Дневното работно време за огласените работни места е во траење од осум часа дневно (односно согласно програмски потреби за проби и претстави, двократно), односно 40 часа неделно.

**V.**Основна нето плата:
1.20.693,00 денари-Шминкер
2.22.014,00 денари-Кројач и
3.20.545,00 денари- Суфлер
4.26.307,00 денари-Актер-четврта група

**VI.**Рокот за доставување на пријавите со потребните документи за работните места број 1 и 2 изнесува 5 (пет) работни дена, а за работните места број 3 и 4, рокот изнесува 15 (петнаесет) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот како и Програмата за проверка на компетенции за актерите може да се подигне од архивата на Националната установа Турски театар Скопје (моментално сместена во Театар Комедија Бул.Климент Охридски бб.). Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за пополнување на општите и посебните услови:
-уверение за државјанство;
-уверение за општа здравствена способност за работа (не постаро од 6 месеци);
-потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци);
-доказ-диплома/уверение за завршено образование.

Пријавата со потребната документација кандидатите треба да ја достават до архивата на Националната установа Турски театар Скопје (моментално сместена во просториите на Театар Комедија Скопје бул.Климент Охридски бб) секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот или по пошта на следната адреса:ул.Никола Мартиновски бр.41-Скопје (со назнака за „Јавен оглас за вработување од 13.09.2019").

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонја кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Ненавремените пријави и документацијата нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од интернет страната на НУ Турски театар Скопје.

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју односно аудиција за уметниците од страна на надлежна Комисија за постапка за вработување.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју односно аудиција.

Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто/аудицијата.

НУ Турски театар Скопје
в.д.директор Несрин Таир